ВЕЧЕРВА ВО УНИВЕРЗАЛНАТА САЛА

# "Златна бубамара" по 12. пат

Вечерва, во Универзалната сала, по 12. пат ќе се одржи "Златна бубамара на популарноста". Популарното шоу, за кое секогаш се бара билет плус, започнува во 20 часот, а најпопуларните од јавниот живот ќе добијат статуетки како награди.

Како дел од традиционално тајното сценарио, се знае само дека наградата за животно дело ќе ја добие легендарниот тапанар Гарабет Тавитјан. Наградата пејач на годината ќе биде "замрзната" на некое време во чест на Тоше Проески.

Овој пат мотото на настанот е "Шоу за сите антички и словенски Македонци, кое ќе ве однесе пред вратите на Европа". **Сашо Коцев** ќе биде водител, четврта година по ред.

Радиото "Бубамара" ќе врши директен пренос од шоуто, а телевизијата "Канал 5" ќе ја емитува снимката в четврток, во 20.30 часот.

***(М.Ц.)***



## 3 милиони долари отштета за наследниците на Џими Хендрикс

**СИЕТЛ (АП) -** Компанијата што ја промовираше вотката "хендрикс електрик" ќе им исплати отштета од 3,2 милиони долари на наследниците на рок-гитаристот Џими Хендрикс, кои велат дека производителот на алкохолниот пијалак незаконски се послужил со заштитниот знак на брендот Хендрикс и дека производот е неквалитетен. Федералниот судија лани пресуди во корист на "Експириенс Хендрикс", компанијата што го поседува заштитниот знак, дека бизнисменот од Сиетл Крег Дифенбах и неговата компанија "Електрик Хендрикс ЛЛЦ" немаат дозвола за користење на името или ликот на гитаристот. Беше закажано судење овој месец, на кое требаше да се реши колкава сума треба да исплати Дифенбах како отштета. Наместо тоа, двете страни преговарајќи, се договорија Дифенбах и "Електрик Хендрикс" да исплатат 3,2 милиони долари отштета.

Леон Хендрикс, помладиот полубрат на Џими Хендрикс, му беше деловен партнер на Дифенбах во бизнисот со вотката. Неговиот покоен татко Ал Хендрикс го лиши од наследството на Џими Хендрикс, кое вреди 80 милиони долари, и Дифенбах, бизнисмен од Сиетл и обожавател на Хендрикс, ги финансираше неговите неуспешни судски битки за добивање дел од наследството.

Во својата жалба против "Електрик Хендрикс", наследниците на Хендрикс кажаа дека не сакаат името и ликот на Џими да се користат во промовирање алкохол, бидејќи тој почина од предозираност со апчиња за спиење во 1970 година, на 27-годишна возраст. Дифенбах почна со рекламирање на вотката во пурпурно бојосани шишиња со сликата и со потписот на Џими над името на брендот при крајот на 2005 година. Наследниците на Хендрикс го тужеа во 2007 година.



## "Рок-фест" на "Мајспејс"

Пред почетокот на годинешното издание на најстариот фестивал во државата "Рок-фест", организаторите, специјално за обожавателите и за промоција на учесниците, се придружија во виртуелниот свет преку социјалната мрежа наречена "Мајспејс". Myspace.com/rockfestmk е страницата каде што ќе можете да ги прочитате листата на досегашните победници, кратката историја на фестивалот, како и да ги видите фотогалеријата од учесниците и атмосферата од изминатите години.

Страницата "Мајспејс" е и најава и потсетник за одржувањето на фестивалот и на конкурсот, кој сé уште е отворен и ќе трае до 1 март. Фестивалот ќе почне кон средината на март, ќе се одржува во МКЦ и ќе има шест фестивалски вечери (четири натпреварувачки, една ревијална и една финална). ***(И.И.)***

## АКУД "Мирче Ацев" со ДВД го слави 60. роденден

Академското културно-уметничко друштво "Мирче Ацев" сними ексклузивно издание на дивиди - "Песни и игри", со кое ќе го прослави 60. роденден. Покрај ова, по повод јубилејот, продукциската куќа "Мистер компани" ќе издаде и двојно цеде и дивиди со истиот наслов како најновото, а ќе направи и реиздание на цедето "Ора и песни". Промоцијата ќе биде денес напладне, во салата при Ректоратот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

На промоцијата ќе бидат дел од членовите на АКУД "Мирче Ацев", но и неговиот оркестар, со кој ќе изведат дел од ората на албумот.

***(В.М.)***